**20251543376**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за здравственото осигурување,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 24 јули 2025 година.

Бр. 08-4187/1
24 јули 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/19, 77/21, 285/21, 60/23 и 144/25) во член 31 ставот 9 се менува и гласи:

„Против решението на Фондот од ставовите 7 и 8 може да се поведе управен спор“.

Ставот 10 се менува и гласи:

„Одлуката за управниот спор ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување уредна тужба.“.

По ставот 23 се додава нов став 24 кој гласи:

„Одлуката за управниот спор од ставот 23 на овој член ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на поднесување уредна тужба.“.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 2

(1) Против решенијата за правата од задолжително здравствено осигурување што ги донел директорот на Фондот или од него овластено лице може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен до 1 септември 2025 година.

(2) Предметите по започнатите постапки по жалба во надлежност на министерот за здравство и Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен кои нема да завршат во рокот од ставот (1) на овој член, ќе се предадат и ќе продолжат пред Управниот суд најдоцна до 1 октомври 2025 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.